Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК

од Двестотата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 ноември 2023 година

Скопје, ноември 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Двестотата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 17 ноември 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 12:30 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа, д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја

Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за потреба од согласност за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас, согласно член 55, став 1, точка г од Законот за јавните набавки

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од согласност за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас, согласно член 55, став 1, точка г од Законот за јавните набавки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да спроведе постапка со преговарање без објавување на оглас, согласно член 55, став 1, точка г од Законот за јавните набавки за обезбедување на сали за одржување на работни средби и хотелско сместување за официјалните делегации за работната посета на 21 и 22 ноември 2023 година во Скопје, Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Бирото за јавни набавки да даде согласност на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас согласно член 55, став 1, точка г од Законот за јавните набавки.

## Точка 2

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 3

**1.** Владата по повод работната посета на лидери на земјите од регионот на Скопје, Република Северна Македонија, на 21 и 22 ноември 2023 година ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да формира делегација и да утврди програма за настанот, како и да достави покани за гостите.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за печатење на материјали, превод и продукциско-логистичка организација на настанот.

3) Се задолжува Министерството за одбрана да му укаже на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди гардисти и опрема за официјалната церемонија за добредојде на високите претставници.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди локација која вклучува храна и освежување, возила, метални огради, теписон, говорници, пристап до сателит за пренос на видео материјали и превоз за делегациите за што претходно ќе добијат технички спецификации од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

5) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одржување на настанот.

6) Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди амбулантни возила според сценариото од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

7) Се задолжува Министерството за одбрана да обезбеди лица за врска за предвидените гости и да преземе дел од обврските и трошоците за организација на настанот, согласно програмата од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

8) Се задолжува Министерството за надворешни работи да обезбеди печатење на знамиња за потребите на настанот.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:35 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**